## 3.2. Девизни движења

***Во ноември 2003 година прометот на девизниот пазар изнесуваше 247,9 милиони САД долари...***

***...при што курсот на денарот остана речиси непроменет во однос на еврото, а во однос на доларот апресираше за 1,3%***

Во ноември 2003 година, прометот на девизниот пазар изнесуваше 247,9 милиони САД долари, што претставува месечен пад од 14,9%. Трансакциите остварени помеѓу банките и претпријатијата сочинуваа 84,9% од вкупниот промет на девизниот пазар. Притоа, НБРМ и деловните банки остварија нето продажба на девизни средства. На 30.11.2003 година девизниот курс на денарот во однос на еврото остана речиси непроменет во однос на претходниот месец и изнесуваше 61,29 денари за едно евро. Во однос на американскиот долар, денарот оствари апресијација од 1,3% и за еден долар се разменуваа 51,49 денари, што е во согласност со девизните движења на светските пазари каде еврото апресираше во однос на доларот.

Графикон 23
Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар
(во милиони САД долари)




***Намалување на прометот на менувачкиот пазар во ноември 2003 година за 20,5%***

Прометот на менувачкиот пазар во ноември 2003 забележа месечен пад од 20,5% и изнесуваше 108,5 милиони САД долари. Притоа, понудата на девизни средства се намали за 6,6% и изнесуваше 71,6 милиони САД долари, а побарувачката за девизни средства се намали за 38,3% и изнесуваше 36,8 милиони САД долари. Притоа, менувачниците извршија нето откуп на девизни средства во износ од 34,8 милиони САД долари. Во ноември 2003 година, просечниот девизен курс на денарот во однос на еврото на менувачкиот пазар изнесуваше 61,44 денари за едно евро (речиси непроменета состојба во однос на претходниот месец). Девизниот курс на денарот во однос на американскиот долар исто така се задржа на нивото од претходниот месец, при што за еден долар[7] се разменуваа 51,64 денари.

[7] Девизниот курс на американскиот долар е преземен од курсна листа за менувачко работење на НБРМ.

Графикон 24

Дневен среден девизен курс на денарот во однос на еврото и американскиот долар на девизниот пазар

(денари за единица странска валута)




***Вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија во ноември 2003 година изнесуваше 1.571,3 милиони САД долари***

Вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија го прекина седуммесечниот растечки тренд и во ноември 2003 година забележа пад од 23,8 милиони САД долари, сведувајќи се на 1.571,3 милиони САД долари. Притоа, бруто девизните резерви на НБРМ се намалија за 7,8 милиони САД долари во однос на претходниот месец и се сведоа на 848,5 милиони САД долари. Во однос на крајот од минатата година, бруто девизните резерви на НБРМ се зголемени за 113,8 милиони САД долари.

Графикон 25

Девизен потенцијал на Република Македонија

(во милиони САД долари)




Вкупните девизни средства на банките во ноември 2003 година забележаа пад од 15,8 милиони САД долари и изнесуваа 687,0 милиони САД долари. Притоа, девизните депозити на претпријатијата регистрираа пад од 15,1 милион САД долари, додека девизните депозити на населението се зголемија за 10,5 милиони САД долари. Кај останатите девизни депозити беше регистриран пад од 6,2 милиони САД долари.